Врз основа на член 20 точка 1, алинеја 5 од Законот за безбедност на храната („Службен весник на Република Македонија“ бр.157/2010) директорот на Агенцијата за храна и ветеринарство донесе

# УПАТСТВО
## за постапување по претставки и предлози

## I Општи одредби

### Член 1

Ова упатство се донесува со цел да се олесни постапувањето по претставките и предлозите, поднесени во Агенцијата за храна и ветеринарство, која како надлежен орган во областа на безбедноста на храната, треба да обезбеди заштита на здравјето на луѓето од болести предизвикани од храната и заштита на интересите на потрошувачите.

### Член 2

Под претставка, односно предлог, согласно со прописите за постапување по претставки и предлози, се подразбира секое писмено или усно обраќање на подносителите до органите кои постапуваат по претставките, односно предлозите заради заштита и остварување на нивните права и интереси, јавните интереси утврдени со закон или заради поведување на друга иницијатива од јавен интерес.

## II Примање на претставките и предлозите

### Член 3

(1) Претставките и предлозите се примаат во Подрачните единици за службена контрола на Агенцијата за храна и ветеринарство.
(2) Примените претставки и предлози се упишуваат во уписникот на поднесени претставки и предлози /УПП/.
(3) Образецот на уписникот е објавен во ,,Правилник за содржината, начинот и формата на водење евиденција на податоците што се однесуваат на постапувањето по претставките и предлозите како и содржината на извештаите,, (Службен весник на Република Македонија број 2/2009).
(4) Образецот на уписникот на поднесени претставки и предлози е даден во Прилог 1, кој е составен дел на ова упатство.

### Член 4

(1) Во согласност со законските прописи за водење на евиденциите на податоците што се однесуваат на постапувањето по претставките и предлозите, овој уписник може да се води во електронска форма или на отпечатен образец .

(2) Предметите по претставките и предлозите кои се упишуваат во Уписникот не се заведуваат во деловодникот.

**Член 5**

(1) Претставките согласно законските прописи за постапување по претставки и предлози, може да се поднесуваат писмено, усно и електронски.

(2) Поднесокот кој е поднесен во електронска форма треба да содржи електронски потпис.

(3) За усно поднесените претставки и предлози, службеното лице што ги прима веднаш составува записник, даден во Прилог 2, кој е составен дел на ова упатство.

**Член 6**

(1) Подносител на претставките и предлозите може да биде физичко и правно лице.

(2) Во согласност со законските прописи за постапување по претставки и предлози, подносител може да биде анонимно лице за прашања кои се од јавен интерес, како што е безбедноста на храната.

**Член 7**

За поднесувањето на претставките и предлозите не се плаќа такса.

**III Постапување по претставките и предлозите**

**Член 8**

(1) По претставките и предлозите, во Подрачните единици на Агенцијата за храна и ветеринарство, постапува овластен инспектор за постапување по претставки и предлози.
(2) Инспекторите од став (1), на овој член ги овластува директорот на Агенцијата за храна и ветеринарство.

**Член 9**

(1) Инспекторот согласно законските прописи за постапување по претставки и предлози, должен е веднаш да ја разгледа претставката, и да постапи по истата.
(2) Службената контрола, инспекторот ја прави согласно со наводите во претставката, и ги превзема сите потребни мерки и дејствија за остварување на правата на подносителот или јавниот интерес утврден со закон.
(3) Доколку претставката не е основана се изготвува заклучок со кој се затвара предметот.
(4) Кога инспекторот при разгледувањето ќе оцени дека е потребно претставката односно предлогот да се прецизира, и да се достават докази, може тоа да го побара од подносителот, и во тој случај постапувањето и роковите почнуваат да течат од почеток..
(5) Доколку за претставката/предлогот е надлежен друг орган претставката, односно предлогот се доставува до надлежниот орган. За доставувањето на претставката, односно предлогот на надлежност веднаш се известува подносителот.
(6) Во уписникот инспекторот го заведува постапувањето до завршување на постапката и разведување на предметот.

**Член 10**

По завршувањето на постапувањата од страна на овластениот инспектор, предметот со сите списи се доставува во Агенцијата за храна и ветеринарство- Одделение за заштита на потрошувачи, каде што се подготвува известување/одговор за подносителот на претставката.

**Член 11**

(1) Согласно со законските прописи за постапување по претставки и предлози од граѓани, подносителот на претставката/предлогот, треба да добие одговор од Агенцијата во рок од 15 дена од денот на поднесувањето на претставката.
(2) При посложени постапувања известувањето/одговорот за подносителот се изготвува најдоцна за 30 дена.
(3) Доколку подносителот не добие одговор на претставката, односно предлогот, може да се обрати до Народниот правобранител на Република Македонија и да побара заштита.

## IV Проследување на извештаите

### Член 12

(1) Овластените инспектори за постапување по претставки и предлози доставуваат месечни извештаи до Агенцијата за храна и ветеринарство - Одделение за заштита на потрошувачи.

(2) Формата и содржината на образецот за месечните извештаи за постапување по претставките и предлозите е дадена во Прилог 3, кој е составен дел на ова упатство.

### Член 13

(1) Одделението за заштита на потрошувачи, воспоставува база/преглед на податоци.

(2) Согласно со законските прописи за постапување по претставки и предлози од граѓани, оваа база на податоци, се користи за анализирање на прашањата, ризиците и опасностите на кои укажуваат потрошувачите/ граѓаните во поднесените претставки и предлози. Во одделението се изготвува евалуација на годишно ниво. Евалуацијата се доставува до сите сектори во Агенцијата за храна и ветеринарство, со цел при планирањата на своите активности да ги земат во предвид прашањата, опасностите и ризиците на кои укажуваат потрошувачите.

(3) Агенцијата информира и други органи, доколку истите имаат одредени овластувања за состојбите и проблемите од анализата спомената во став (2) на овој член.

(4) Евалуацијата на анализираните податоци се објавува на веб страницата на Агенцијата за храна и ветеринарство. На овој начин се разменуваат податоци со сите заинтересирани страни, вклучувајќи ги и граѓаните/потрошувачите.

### Член 15

(1) За сите упишани претставки/предлози во уписниците, инспекторите во Подрачните единици кои се овластени за постапување по претставки и предлози изготвуваат шест месечен извештај за кој е пропишан посебен образец /ИПП / во Правилникот за содржината, начинот и формата на водење евиденција на податоците што се однесуваат на постапувањето по претставките и предлозите како и содржината на извештаите (Службен весник на Република Македонија број 2/2009).

(2) Образецот од став (1) на овој член е даден во Прилог 4, кој е составен дел на ова упатство.

(3) Изештајот се доставува до Одделението за заштита на потрошувачи. Податоците се собираат во еден извештај. Извештајот Агенцијата за храна и ветеринарство, во согласност со прописите ги доставува на секои шест месеци до Министерството за правда во следните рокови: за периодот од 1 јануари до 30 јуни

најдоцна до 31 јули во тековната година и за периодот од 1 јули до 31 декември најдоцна до 31 јануари следната година.

**Член 16**

Во изготвувањето на ова упатство се користени законски прописи од;

Закон за безбедност на храната (Службен весник на Република Македонија број 157/2010)

Закон за заштита на потрошувачи (Службен весник на Република Македонија број 38/2004)

Закон за измени и дополнувања на Законот за заштита на потрошувачи (Службен весник на Република Македонија број 77/2007)

Закон за постапување по претставки и предлози од граѓани (Службен весник на Република Македонија број 82/2008)

Правилник за постапување по претставките и предлозите (Службен весник на Република Македонија број 2/2009)

Правилник за содржината, начинот и формата на водење евиденција на податоците што се однесуваат на постапувањето по претставките и предлозите како и содржината на извештаите,, (Службен весник на Република Македонија број 2/2009).

**Број ____________**

**Директор**

**Дејан Рунтевски**

**Прилог 1**

**Образец УПП**

**УПИСНИК**
**за предметите по претставки и предлози**

| Реден број | Датум на приемот на претставката, односно предлогот | Подносител | | | | Форма на претставката, односно предлогот | | | Предмет | Област | Начин на решавање | | | | | | Постапено | | Организациона единица | Развод | | Забелешка |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | Физичко лице | Правно лице | Анонимна | Други | Усно | Писмено | Електронски | | | Постапено | Непостапено | Препратени на надлежност | Постапено по интервенција на МП | Постапено по интервенција на НП | На друг начин | Во законски рок | По рок | | Датум | Ознака | |
| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 | 7 | 8 | 9 | 10 | 11 | 12 | 13 | 14 | 15 | 16 | 17 | 18 | 19 | 20 | 21 | 22 | 23 |
| | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | |
| | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | |

**<u>Прилог 2</u>**

**Република Македонија**
**Агенција за храна и ветеринарство**

**УПП Бр. 20-**
**Дата______2011 год.**
**С к о п ј е**

## ПРЕТСТАВКА ОД ГРАЃАНИ

1.Податоци за граѓанинот/потрошувачот:
Име и Презиме:____________________________ тел:__________________
Адреса____________________________________ Општина______________

2.Податоци за субјектот:
Назив: ____________________________
Адреса: ____________________________

3.Опис на претставката:

________________________________________________________________________
________________________________________________________________________
________________________________________________________________________
________________________________________________________________________
________________________________________________________________________
________________________________________________________________________
________________________________________________________________________
________________________________________________________________________
________________________________________________________________________
________________________________________________________________________
________________________________________________________________________
________________________________________________________________________
________________________________________________________________________
________________________________________________________________________
________________________________________________________________________
____________________________________________________________________

Записникот го состави---------------------------------------------------------------------------

Потпис

_________2011 год. _____________________

**<u>Прилог 3</u>**

**Подрачна единица_____________** **месец _______**

**Месечен извештај**

**Претставки/предлози од граѓани/ потрошувачи**

| Претставки предлози | Вид на објект | Субјект/ име | Наводи во претставката/ предлогот | Решение | Прекршочна пријава |
|---|---|---|---|---|---|
| Писмени | | | | | |
| | | | | | |
| | | | | | |
| | | | | | |
| Усмени | | | | | |
| | | | | | |
| | | | | | |
| | | | | | |
| Електронски | | | | | |
| Вкупни | | | | | |

**Овластен инспектор**

_________________________

**Прилог 4**

Образец ИПП

# ИЗВЕШТАЈ
## за податоците коиштосе однесуваат на посатпувањето по претставки и предлози

| Број на примени претставки и предлози | | | Област | Форма | | | Подносител | | | | Начин на постапување | | | | | | | Број на претставки и предлози по кои е постапено | | Број на претставки и предлози по кои не е постапено | | Забелешка |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Примени | Пренесени | Вкупно | | Усно | Писмено | Еектронски | Физички лица | Правно лице | Други | Анонимни | Постапено | Непостапено | Постапката е во тек | Препратени на надлежност | Постапено по интервенција на МП | Постапено по интервенција на НП | На друг начин | Во законски пропишаниот рок | По истекот на рокот | Рокот за постапување изминал | Рокот за постапување тече | |
| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 | 7 | 8 | 9 | 10 | 11 | 12 | 13 | | 14 | 15 | 16 | 17 | 18 | 19 | 20 | 21 | 22 |
| | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | |
| | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | |
| | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | |
| | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | |